УЖ-3.бр.1379/2019

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Владанка Панчурова Сулејманова - претседател на советот и судиите Фани Илиевска и Дијана Димитрова, со записничар Милка Стефановска Трпевска - судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителот РУБИТОН ДОО од Битола, против Пресудата на Управниот суд У-5.бр.2067/2018 од 12.06.2019 година, за јавна набавка, на седница одржана на ден 16.10.2020 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Жалбата на тужителот РУБИТОН ДОО од Битола, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Управниот суд У-5.бр.2067/2018 од 12.06.2019 година, СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.2067/2018 од 12.06.2019 година, ја одбил како неоснована тужбата на тужителот РУБИТОН ДОО од Битола, против Решението на Државна комисија за жалби по јавни набавки бр.08-653/6 од 24.10.2018 година.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјави тужителот, поради суштествена повреда на одредбите од постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи, а побиваната пресуда на Управниот суд да се укине и оспореното решение поништи.

Вишиот управен суд, по проучување на списите по предметот, наводите во жалбата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парнична постапка најде:

Жалбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот се утврди дека договорниот орган АД ЕЛЕМ - Скопје Подружница РЕК Битола - Битола отпочнал постапка за јавна набавка со Отворена постапка бр.16-141/2018 за набавка на услуга - ангажирање на помошна механизација за потребите на рударска оператива за ПЕ Рудници, за што донел Одлука за јавна набавка бр.11-7/141 од 18.09.2018 година. Бил спроведен технички

дијалог за што бил составен Записник од 26.09.2018 година од спроведениот технички дијалог за постапката за јавна набавка бр.16-141/2018.

Незадоволен од горе наведениот записник, жалба до Државната комисија за жалби изјавил економскиот оператор - сега тужителот РУБИТОН ДОО Битола, по која било донесено оспореното Решение бр.08-653/6 од 24.10.2018 година со кое била одбиена како неоснована, од причина што тужениот орган го донел обжалениот Записник при спроведување на конкретната постапка согласно членот 43 став 3 од Законот за јавните набавки, на кој начин не направил никаква процесна повреда.

Незадоволен од наведеното решение тужителот повел управен спор пред Управниот суд кој со Пресуда У-5.бр.2067/2018 од 12.06.2019 година истата ја одбил како неоснована.

Против Пресуда на Управниот суд У-5.бр.2067/2018 од 12.06.2019 година, со која тужбата на тужителот ја одбил како неоснована, тужителот вложил жалба.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита.

Согласно член 43 став 3 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 136/07 ... 165/17), Комисијата за јавна набавка составува записник од спроведениот технички дијалог кој задолжително содржи опис на предлозите и коментарите на деловната заедница, како и образложение за не прифаќање на оние предлози и коментари кои не ги имплементирала во тендерската документација и претставува дел од досието на постапката.

Вишиот управен суд по извршениот увид во списите по предметот утврди дека Управниот суд правилно заклучил кога прифатил дека тужениот орган правилно нашол дека по разгледување на понудите, дека Договорниот орган го донел Записникот од спроведениот технички дијалог, спроведувајќи ја конкретната постапка за избор на најповолна понуда, како процесен акт кој бил должен да го изготви согласно членот 43 став 3 од Законот за јавните набавки, по поставени прашања од економските оператори, поради што во конкретниот случај не постои ниту повреда на постапката, ниту има евентуални неправилности во поглед на утврдување на фактичката состојба.

Овој суд при одлучувањето ги ценеше наводите истакнати во жалбата на тужителот дека фактичката состојба е неправилно утврдена, но најде дека истите се неосновани и не се од влијание за донесување на поинаква одлука. Ова од причина што и овој суд го прифаќа стојалиштето

на Управниот суд дека со оспореното решение правилно е одбиена како неоснована жалбата на тужителот од страна на тужениот орган, а за таквите наводи Управниот суд дал доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководел при донесувањето на одлуката.

Поради изложеното судот одлучи како во изреката на пресудата и решението согласно член 357 од Законот за парнична постапка и член 7-а од Законот за управните спорови.

Пресудено во Виш управен суд на ден 16.10.2020 година под УЖ-3.бр.1379/2019.

| Записничар - судски соработник | Претседател на совет - Судија |
| --- | --- |
| Милка Стефановска Трпевска с.р | Владанка Панчурова Сулејманова с.р |

/ЛС

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВИШ УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник